# Б – интегрирана еколошка дозвола

Име на компанијата: **ДПУТ АНСА Горан ДООЕЛ увоз-извоз с.Миравци, Гевгелија**

Адреса : **ул. „Гоце Делчев“ бр.18 Миравци,Гевгелија**

Поштенски број и град: **1480 Гевгелија**

Број на дозволата

**Бр:11-342/1**

**19.05.2025 година**

Вовед ........ 3
Краток опис на инсталацијата ........ 3
Други интегрирани дозволи поврзани со оваа инсталација ........ 5
Заменети дозволи/согласнсоти/овластувања поврзани со оваа инсталација ........ 5
Комуникација ........ 5
Доверливост ........ 5
Промени во дозволата ........ 5
Преглед на барани и доставени документи ........ 6
Дозвола ........ 7
Услови ........ 8
1. Инсталација за која се издава дозволата ........ 8
2. Работа на инсталацијата ........ 10
**Техники на управување и контрола ........ 10**
**Суровини ........ 11**
**Ракување и складирање на отпадот ........ 11**
**Преработка и одлагање на отпад ........ 14**
**Спречување и контрола на хаварии ........ 14**
**Мониторинг ........ 15**
**Престанок со работа ........ 16**
**Инсталации со повеќе оператори ........ 16**
3. Документација ........ 17
4. Редовни извештаи ........ 18
5. Известувања ........ 18
6. Емисии ........ 19
**Емисии во воздух ........ 19**
**Емисии во почва ........ 20**
**Емисии во вода (различни од емисиите во канализација) ........ 21**
**Емисии во канализација ........ 24**
**Емисии на топлина ........ 26**
**Емисии на бучава и вибрации ........ 26**
7. Пренос до пречистителна станица за отпадни води ........ 26
8. Програма за подобрување ........ 27
9. Договор за промени во пишана форма ........ 28
Додаток 1 ........ 29
Додаток 2 ........ 30

## Вовед

***Овие воведни белешки не се дел од дозволата***

Следната дозвола е издадена согласно Законот за животна средина ((Сл. весник на РМ бр: 53/05, 81/05. 24/07, 159/08, 83/09, 48/10, 124/10, 51/11, 123/12, 93/13, 187/13, 42/14, 44/15, 129/15, 192/15, 39/16 и 99/18 и Сл. весник на РСМ бр: 89/22 и 171/22) за работа на инсталација што извршува една или повеќе активности наведени во Уредбата на Владата за "Уредба за определување на активностите на инсталациите за кои се издава интегрирана еколошка дозвола, односно дозвола за усогласување со оперативен план и временски распоред за поднесување на барање за дозвола за усогласување со оперативен план", до одобреното ниво во Дозволата.

Краток опис на инсталацијата регулирана со оваа дозвола:

### - Опис на локацијата на инсталацијата

Основната дејност на ДПУТ АНСА Горан ДООЕЛ увоз-извоз с.Миравци, Гевгелија
е сепарација и експолатација на природен речен наносен материјал од ископ, кој потоа со соодветен технолошки процес се сее, мие и се добива баран квалитет и гранулација и бетонска база ( изработка на бетон, бетонски блокови, бетонски ивичнаци ). Поради тие причини се изведени: постројка за бетон, сепарација и погон за бетонски блокови и ивичнаци.
Технолошкиот процес се одвива на локација со КП 1180 КО Давидово, со вкупна површина од 1777 м2, а површината под згради или други објекти е 61 м2.

**Во прилог е дадена скица-распоред на објектите во стопанскиот двор:**

**Бетонска база**



**Поглед од бетонската база накај сепарацијата**




**Бетонска база, бетонски блокови**



**Бетонски ивичнаци**




**Машина за правење бетонски ивичнаци**



**- Опис на инсталацијата и опремата**

Инсталацијата за сепарација на речен песок ДПТУ ,,Анса Горан,, Дооел Миравци е лоцирана во с. Миравци. Инсталацијата за сепарација за речен песок е со капацитет од 10 000 м $^3$ на годишно ниво.
Влезот на инсталацијата е преку пристапен пат од северната страна на инсталацијата. Дворното место се користи за складирање на суровини и полупроизводи на отворено на места определени за таа намена.

Технолошкиот процес се одвива во летниот период, и моментално истата не работи. Инсталацијата е со површина од 1777м2 и се протега на катастарска парцела со КП1180 во КО Давидово.

Дејноста на друштвото за производство,трговија и услуги,, Анса Горан,, Дооел Миравци е сепарација и експлоатација на природен речен наносен материјал од ископ кој потоа со соодветен технолошки процес се сее, мие и се добива баран квалитет и гранулација. Сепарираниот материјал е со добар и испитан квалитет.
Локацијата каде што е сместена постројката е заградена со ограда од бетонски
служба. Стопанскиот двор е осветлен и прегледен и во текот на вечерните
несакани појави на пострижката.
Не постои голема опасност од пожар на постројката, но истата е снабдена
со противпожарни апарати кои редовно се сервисираат за гасење на почетен
жар кој може да се случи.

Инсталацијата за сепарација на речен песок ДПТУ “АНСА ГОРАН ДООЕЛ од Миравци е лоцирана во с.Миравци. Инсталацијата за сепарацијата за речен песок е со капацитет од 10 000 м3 на годишно ниво.

Сепарирањето на материјалот се врши така што исиот од депонијата за полупроизводи се товари и се сипе во приемниот бункер со помош на утоварувач или со камион-кипер, па со помош на транспортни ленти се уфрла во сепараторот во кој се наоѓаат вибро сита со различна големина на отвори кои што го просејуваат материјалот и го селектираат преку транспортни ленти на поодделни фракции.

Бетонската база е во кругот на инсталацијата и истата опфаќа:

-Бетонирана површина за работа

- Мешалка за бетон

- Машина за бетонски ивичнаци.

Мешалката за бетон работи на следниот начин: во едниот силос се истура бетон, во другиот песок и преку лента се дозира во мешалицата од двете суровини, се додава вода, се меша и се додава бетон.

Машина за бетонски ивичнаци- бетонот после тоа се користи за производство на бетонски ивичнаци. Од бетон можат да се прават многу елементи, но за сега се произведуваат бетонски ивичнаци.

**Технологија и опрема за сепариран песок**

Сепарацијата е постројка која служи за добивање на природен материјал со барана гранулација**.** Сепарацијата има капацитет од 10 000 м3 годишно, со максимален часов капацитет од 20 м3/ час сепариран материјал и тоа по фракции од 0-4mm, од 4-8 mm, од 8-16 mm, и од 16-32 mm.

Сепарирање на материјалот се врши така што истиот од депонијата за полупроизводи се товара и се сипе во приемниот бункер со помош на утоварувач или со камион-кипер, па со помош на вибратор и транспортни ленти материјалот се уфрла во сепараторот во кој се наоѓаат вибро сита со различна големина на отвори кои што го просејуваат материјалот и го селектираат преку транспортни ленти на пооделни фракции.Најнапред материјалот поминува преку т.н. предсито каде што се оддвојува најкрупната фракција со големина на зрната над 31.5 mm, а понатаму се транспортира на системот сита каде што се оддвојуваат фракции со големина: 0 - 4 mm, 4 - 8 mm, 8 - 16 mm и 16- 32 mm.

При технолошкиот процес на сепарирање на материјалот за негово миење се користи вода која се обезбедува од систем на цевки приклучени на водоводот кои се доведуваат до сепараторот.

Складирање на материјалот се врши преку транспортни ленти до пооделни депонии за готов производ за секоја фракција пооделно, при што материјалот е спремен за продажба

Во технолошкиот процес на сепарација на одделните фракции од кварцниот чакал водата се додава во ротациониот барабан, во вибрирачките сита и во ротационите барабани со сита со цел да се измијат најситните честички од тиња и да се овозможи процесот на сепарирање.

Водата до овие места се доведува со помош на пумпи со посебни доводи. Отпадната вода од процесот која е заматена се собира под секој од елементите каде е доведена и преку заеднички одводен канал се носи до таложникот.

Функцијата на таложникот е да ја намали брзината на течење до степен кој дозволува одделување на суспендираните честички од водата и нивно таложење на дното во просторот за депонирање.

Овој простор повремено се чисти со цел да може таложникот да ја остварува својата функција.Финиот суспендиран талог се депонира на посебна депонија и наоѓа примена како суровина во производството на бетонски блокови во градежништвото или се користи за пополнување на просторот од кој е исцрпен слојот чакал.

Пуштањето на сепарацијата во работа и нејзиното престанување со работа се врши од едно место и може да биде автоматско или рачно. Сепарацијата се снабдува со струја од агрегат со моќност од 50kw. Водата која се користи за миење на материјалот се зема од водоводот преку доводни цевки и по искористувањето и таложењето на ситните честички истата преку одводен канал се испушта во корито, од таму во подземните води. Не постои голема опасност од пожар на постројката, но истата е снабдена со противпожарни апарати за гасење на почетен пожар кој може да се случи.

Одвивањето на работните активности во сепарацијата во летниот период се одвива во во смена од 07.00-15.00h.

## Снабдување со електрична енергија

За потребите на инсталацијата за сепарацијата, за употребата на целокупната опрема и механизација ќе се користи електрична енергија од агрегат за струја до 50 kw кој работи на дизел.

## Снабдување со потребни количини на вода

Во технолошкиот процес насепарирање на песокот,се користи вода од доводни цевки затворен циркуларен систем. Во процесот на работа, по природен пат (испарување и остатокот од водата во материјалите на производството), дел од повратната вода постојано се губи.

Обезбедувањето на вода и одводот на отпадните води е потребно само за санитарниот јазел, каде отпадните води се одведуваат во санитарна јама.

За снабдување со вода за пиење за потребите на вработените се користи пакувана вода во шишиња.

## Спецификација на потребната механизација

За непречено одвивање на оперативните активности се користи механизацијата, која е прикажана во следната табела.

| Реден број | Назив | Количина |
|---|---|---|
| 1 | Багер за утовар на песок липкер 902 | 1 |
| 2 | Утоварач до 2 м3 | 1 |
| 3 | Кипер | 2 |
| 4 | Моторен вилушкар | 1 |
| 5 | Агрегат за струја до 50 kw на дизел | 1 |

## Управување и контрола

Организациона шема



Сепарацијата"АНСА ГОРАН ДООЕЛ МИРАВЦИ" работи во летниот период пет дена во неделата по 8 часа едно сменско работење, а повремено и восаботите доколку работата тоа го налага. Останатиот дел од годината работи повремено.

Од шематскиот приказ се гледа, дека за целокупната одговорност за раководење со сепарацијата е надлежен Раководителот за управување со градилиштето , а кој одлучува и за развој на активностите на технолошкиот процес, во соработка со стручното лице, кое ќе биде назначено од операторот.

За поцелосно организирање и нормално функционирање на активностите на оперативниот простор на локацијата, дел од работните обврски ќе се пренесенат и на Раководителот на оперативниот простор.

| Други интегрирани дозволи поврзани со оваа инсталација | | |
|---|---|---|
| Сопственик на дозволата | Број на дозвола | Дата на издавање |
| Б – интегрирана еколошка дозвола | УП1 бр. | |

| Заменети дозволи/Согласности/Овластувања поврзани со оваа инсталација | | |
|---|---|---|
| Сопственик | Референтен број | Дата на издавање |
| Нема | | |

**Комуникација**

Доколку сакате да контактирате со Органот на локалната самоуправа надлежен за работите од областа на животната средина (во понатамошниот текст Надлежниот орган) во врска со оваа дозвола, ве молиме наведете го Бројот на дозволата.

За било каква комуникација, контактирајте го Надлежниот орган на адреса:

**ул. Димитар Влахов бр.4 , 1480 Гевгелија, Р.С.Македонија**

**Доверливост**

Дозволата го обврзува Операторот да доставува податоци до Надлежниот орган. Надлежниот орган ќе ги стави податоците во општинските регистри, согласно потребите на Законот за животна средина. Доколку Операторот смета дека било кои од обезбедените податоци се деловно доверливи, може да се обрати до Надлежниот орган да ги изземе истите од регистарот, согласно Законот за животна средина. За да и овозможи на Надлежниот орган да определи дали податоците се деловно доверливи, Операторот треба истите јасно да ги дефинира и да наведе јасни и прецизни причини поради кои бара изземање. Операторот може да наведе кои документи или делови од нив ги смета за деловно или индустриски доверливи, согласно Законот за животна средина, чл.55 ст. 2, точка 4. Операторот ќе ја наведе причината поради која Надлежниот орган треба да одобри доверливост. Податоците и причината за доверливост треба да бидат приложени кон барањето за интегрирана еколошка дозвола во посебен плик.

**Промени во дозволата**

Оваа дозвола може да се менува во согласност со законот за животна средина.

Доколку дозволата овластува изведување на посебни активности од областа на управувањето со отпад, тогаш е потребно да се приложи уверение за положен стручен испит за управител со отпад за лицето задолжено за таа активност.

## Преглед на барани и доставени документи:

| Предмет | Датум | Коментар |
|---|---|---|
| Барање бр. | Примено | |
| Барање за добивање Б-интегрирана еколошка дозвола | 05.06.2024 | Доставеното барање немаше недостатоци |
| Доставено известување за прием на барањето и задолжување за објава на огласот во дневен весник | | Известувањето е примено на ден |
| Објава на барањето на веб страна и во печатен медиум | 07.10.2024 | Барањето е објавено во дневен весник ВЕЧЕР |
| Доставено известување за посета на инсталацијата | 24.12.2024 | Посетата е реализирана на ден 26.12.2024 |
| Записник од состанокот помеѓу општина Гевгелија и ДПТУ ,,АНСА ГОРАН ДООЕЛ МИРАВЦИ,, Бр. 11-363/4 | 30.12.2024 | Усвоен и потпишан од одговорните лица |

## Дозвола

Закон за животна средина

Дозвола

Број на дозвола

**УП1 Бр.11-342/1**

Надлежниот орган за животна средина во рамките на својата надлежност во согласност со член 95 од Законот за животна средина (Сл. весник на РМ бр: 53/05, 81/05. 24/07, 159/08, 83/09, 48/10, 124/10, 51/11, 123/12, 93/13, 187/13, 42/14, 44/15, 129/15, 192/15, 39/16 и 99/18 и Сл. весник на РСМ бр: 89/22 и 171/22), го овластува:

**Друштво за производство, трговија и услуги “АНСА ГОРАН ДООЕЛ МИРАВЦИ” -Гевгелија**

| | |
|---|---|
| Адреса : | **Гоце Делчев бр.18** |
| Поштенски број Град : | **1480 Гевгелија** |
| Држава : | **Република С. Македонија** |

Број на регистрација на компанијата : 4891554

да раководи со Инсталацијата:

ДПТУ “АНСА ГОРАН ДООЕЛ МИРАВЦИ” Гевгелија.

Изготвил: Елена Колев

Одобрил: Ирена Томчева

**Градоначалник**

**АндонСарамандов**

Датум

**19.05.2025**

## Услови

## 1. Инсталација за која се издава дозволата

1.1.1. Операторот е овластен да изведува активности и/или поврзани активности наведени во Табела 1.1.1.

| **Табела 1.1.1** | | |
|---|---|---|
| Активност од Анекс 2 од У Р Е Д Б А за определување на активностите на инсталациите за кои се издава интегрирана еколошка дозвола односно дозвола за усогласување со оперативен план и временски распоред за поднесување на барање за дозвола за усогласување со оперативен план | **Опис на наведената активност** | **Граници на наведената активност** |
| 3.2. Инсталации за ископ, дробење, мелење, сеење, загревање на минерални суровини.<br>3.3. Стационарни бетонски бази со вкупен капацитет на силосите за бетон поголем од 50 кубни метри. | Сепарирање на песок и производство на бетон | |

Активностите овластени во условите 1.1.1 ќе се одвиваат само во границите на локацијата на инсталацијата, прикажана во планот Табела 1.1.2).

| Табела 1.1.2 | |
|---|---|
| Документ | Место во документацијата |
| Локација на КП бр.1114 КО Давидово | **Барање УП.1 бр.**<br>**Прилог 1** |

Инсталацијата ќе ра
такви како што е наве

Оваа Дозвола е са
средина (Сл. весник
51/11, 123/12, 93/13,
весник на РСМ бр: 8
Операторот од обвр
закони и подзаконски

Во рок од 15 ден
Операторот е должен
интегрирана еколош
инспекциски надзор,
плаќаат операторите
интегрирана еколошк



# 2.Работа на инсталацијата

## 2.1. Техники на управување и контрола

2.1.1. Инсталацијата за која се издава Дозволата, согласно условите во Дозволата, ќе биде управувана и контролирана онака како што е опишано во документите наведени во Табела 2.1.1 или на друг начин договорен со Надлежниот орган во пишана форма.

Табела 2.1.1 Управување и контрола

| **Опис** | **Документ** | **Дата кога е примен** |
|---|---|---|
| Организациона шема | Прилог III | |
| Опис на технолошките процеси | Прилог II | |
| Шема на раководство | Прилог III | |
| Управување со животна средина | Прилог III | |
| Стратегија за справување со отпад | Прилог V | |

2.1.2 Целата инсталација, опремата и техничките средства користени во управувањето со Инсталацијата за која се издава Дозволата ќе бидат одржувани во добра состојба.

2.1.3 Целиот персонал ќе биде целосно запознаен со оние услови од Дозволата, кои се однесуваат на нивните обврски и ќе им биде обезбедена соодветна обука и пишани инструкции за работа, со цел подобрување на извршувањето на нивните обврски.

2.1.4 Инсталацијата ќе работи, ќе се контролира и ќе се оддржува  и емисиите ќе бидат во границите наведени во Дозволата.

2.1.5 Операторот, 12 ( дванаесет) месеци по добивањето на дозволата е должен да воведе систем за Управување со Животната Средина каде ќе бидат опфатени сите активности и ќе бидат разгледани сите решенија за употреба на почисти технологии, почисто производство и намалување на создавањето на отпад.

2.1.6 Операторот, согласно условите од дозволата, ќе користи суровини (вклучувајќи и водата) онака како што е опишано во документите наведени во Табела 2.2.1, или на друг начин договорен со Надлежниот орган во писмена форма.

## 2.2. Суровини ( вклучувајќи и Вода )

| Табела 2.2.1:Суровини, помошни материјали и енергии употребени или произведени во сепарацијата за песок и бетонерката ( вклучувајќи и вода ). | | |
|---|---|---|
| **Опис** | **Документ** | **Дата кога е примено** |
| Речен агрегат | **ПОГЛАВЈЕ IV** | |
| Камен по фракции и тампон | | |
| Електрична енергија | | |
| Помошни материјали | | |
| Дизел гориво | | |
| Вода | | |
| Производи | | |
| | | |

2.2.2. Операторот ќе обезбеди безбедно чување на суровините и ќе се грижи за интегритетот на складиштата.

2.2.3. Операторот ќе ги оддели суровините кои во меѓусебен контакт со вода може да развијат реакција или да се растворат.

2.2.4. Ракувањето со суровините, посебно со хемикалиите ќе се извршува според упатствата и препораките од производителите и упатствата за безбедно ракување со материјалите (Material Safety Data Sheet).

## 2.3. Ракување и складирање на отпадот

2.3.1 Операторот, согласно условите од дозволата, ќе ракува и ќе го складира отпадот онака како што е опишано во документите наведени во Табела 2.3.1, или на друг начин договорен со Надлежниот орган на писмено.

| **Табела 2.3.1 : Ракување и складирање на отпадот** | | |
|---|---|---|
| **Опис** | **Документ** | **Дата кога е примено** |
| | Прилог V | |

2.3.2. Отпадот ќе се складира на местата посебно определени за тоа и ќе биде соодветно заштитен од прелевање и истекување на течности. Садовите и просториите ќе бидат јасно означени.

2.3.3. Операторот секој вид на отпад соодветно ќе го оделува и нема да го меша при складирањето.

2.3.4. Операторот пред да го пренесе отпадот на друго лице со кое што има склучено Договор за превземање на отпадот, ќе го спакува и означи истиот според Националните, Европските и други стандарди кои се на сила во врска со таквото означување.

| **Табела 2.3.2 : Отпад складиран на самата локација** | | | |
|---|---|---|---|
| **Опис на отпадот** | **Место на складирање на самата локација** | **Начин на складирање** | **Услови на складирање** |
| Цврст отпад ( талог и тиња) | Во кругот на инсталацијата | Одложување | Во кругот на постројката, а потоа се носи до локалната депонија за цврст отпад |
| Течен отпад | Во кругот на инсталацијата | Со таложење се прочистува, и пр вода преку одводен канал се одлива во земјата. | |
| Комунален отпад | Во кругот на инсталацијата | Се собира и транспортира од стр ЈПКД Комуналец Гевгелија. | |
| Стари отпадни гуми | Во кругот на инсталацијата | Се собираат и се предаваат | Предавање на овластен постапувач |
| Отпадно железо | Во кругот на инсталацијата | Се собира и се предава | Предавање на овластен постапувач |

## 2.4. Преработка и одлагање на отпад

2.4.2. Операторот, согласно условите во дозволата, ќе го преработува и одлага отпадот како што е опишано во документите наведени во Табела 2.4.1, или на друг начин договорено написмено со Надлежниот орган.

| **Табела 2.4.1 : Искористување и отстранување на отпадот** | | |
|---|---|---|
| **Опис** | **Документ** | **Дата кога е применo** |
| Прилог V | | |

2.4.3 Во границите на инсталацијата смее да се одлага исклучиво инертен отпад.

2.4.4 За активности поврзани со операции за управување со отпадот на локацијата ќе се води целосна евиденција, која ќе биде достапна за инспекциски надзор од страна на овластени лица на Надлежниот орган во секое време.

## 2.5. Спречување и контрола на хаварии

2.5.2. Операторот, согласно условите во дозволата, ќе ги спречи и ограничи последиците од хаварии, онака како што е опишано во документите наведени во Табела 2.5.1, или на друг начин писмено договорен со Надлежниот орган .

| Табела 2.5.1 : Спречување и контрола на несакани дејствија | | |
|---|---|---|
| **Опис** | **Документ** | **Дата кога е применo** |
| Прилог XII | | |

2.5.3. Во случај на несреќа Операторот

- Го изолира изворот на било каква емисија;

- Да спроведе истрага за да се идентификува природата, изворот и причината на било која емисија која произлегла од тоа;

- Да ги спроведе мерките предвидени со Планот за итни интервенции во случај на хаварија.

- Да забележи датум и место на несреќа;

- Да го извести Надлежниот орган и другите заинтересирани страни.

## 2.6. Мониторинг

2.6.1Операторот, согласно условите во дозволата, ќе изведува, мониторинг, ќе го анализира и развива истиот како што е опишано во документите наведени во Табела 2.6.1, или на друг начин писмено договорен со Надлежниот орган.

| Табела 2.6.1 : Мониторинг | | |
|---|---|---|
| **Опис** | **Документ** | **Дата кога е применo** |
| Прилог XI | | |

2.6.2. Операторот ќе обезбеди:

- безбеден и постојан пристап до мерните места, за да се овозможи земањето примероци/мониторингот да биде изведено во релација со точките на емисија наведени во Додаток 2, освен ако не е поинаку наведено во Додатокот; и
- безбеден пристап до други точки на земање примероци/мониторинг, кога тоа ќе го побара Надлежниот орган.

2.6.3. Земањето примероци и анализите ќе се изведува според ИСО стандардите.

2.6.4. Секој извршен мониторинг Операторот ќе го достави до Надлежниот орган во општина Гевгелија најкасно 14 (четиринаесет) дена од денот на спроведување на мониторингот (во оригинална форма).

## 2.7. Престанок со работа

2.7.2. Операторот, согласно условите во дозволата, ќе обезбеди услови за престанок на работата на инсталацијата како што е опишано во документите наведени во Табела 2.7.1, или на друг начин договорен со Надлежниот орган на писмено.

| **Табела 2.7.1 : Престанок на работа** | | |
|---|---|---|
| **Опис** | **Документ** | **Дата кога е применo** |
| Прилог XIII | | |

## 2.8. Инсталации со повеќе оператори

2.8.2. Со инсталацијата за која се издава управува само еден оператор, или

Оваа дозвола е валидна само за оние делови од инсталацијата што се означени на мапата во делот 1.1.2 од оваа дозвола.

## 3. Документација

3.2.2. Документацијата ќе содржи податоци за:

секоја неисправност, дефект или престанок на работата на постројката, опремата или техниките (вклучувајќи краткотрајни и долготрајни мерки за поправка) што може да има, имало или ќе има влијание на перформансите за животната средина што се однесуваат на инсталацијата за која се издава дозволата. Овие записи ќе бидат чувани во дневник воден за таа цел;

- целиот спроведен мониторинг и земањето примероци и сите проценки и оценки направени на основа на тие податоци.

3.2.3. Документацијата од 3.1.2 ќе биде достапна за инспекција од страна на Надлежниот орган во било кое пристојно време.

3.2.4. Копија од било кој специфициран или друг документ ќе му биде доставен на Надлежниот орган на негово барање и без надокнада.

3.2.5. Специфицираните и другите документи треба:

- да бидат читливи;
- да бидат направени што е можно побрзо;
- да ги вклучат сите дополнувања и сите оригинални документи кои можат да се приложат.

3.2.6. Операторот е должен спецversion ицираната и другата документација да ја чува најмалку пет години вклучувајќи го и престанокот со работа на инсталацијата.

3.2.7. За целиот примен или создаден отпад во инсталацијата за која што се издава дозволата, операторот ќе има документација (и ќе ја чува најмалку пет години вклучувајќи го и престанокот со работа на инсталацијата) за:

- составот на отпадот, или онаму каде што е можно, опис;
- најдобра проценка на количината создаден отпад;
- трасата на транспорт на отпадот за одлагање; и
- најдобра проценка на количината отпад испратен на преработка.

3.2.8. Операторот на инсталацијата за којашто се издава дозволата ќе направи записник, доколку постојат жалби или тврдења за нејзино влијание врз животната средина. Во записникот треба да стои датум и време на жалбата, како и кратко резиме доколку имало било каква истрага по таа основа и резултати од истата. Таквите записи треба да бидат чувани во дневник воден за таа цел.

## 4. Редовни извештаи

4.2.2. Сите извештаи и известувања што ги бара оваа дозвола, операторот ќе ги испраќа до Надлежниот орган за животна средина.

4.2.3. Операторот ќе даде извештај за параметрите од Табела Д2 во Додатокот 2 :

- во однос на наведени емисиони точки;

- за периодите за кои се однесуваат извештаите наведени во Табела Д2 од Додаток 2 и за обликот и содржината на формуларите, операторот и надлежниот орган ќе се договорат за време на преговорите;
- давање на податоци за вакви резултати и проценки како што може да биде барано од страна на формуларите наведени во тие Табели; и
- испраќање на извештај до Надлежниот орган во рок од ( 15 до 31 Јануари во тековната година за предходната година.

после секое мерење предвидено со Табела Д2: Извештаи за податоците од мониторингот.

## 5.Известувања

5.2.2 Операторот ќе го извести Надлежниот орган **без одложување**:

- кога ќе забележи емисија на некоја супстанција која го надминува лимитот или критериумот на оваа дозвола, наведен во врска со таа супстанција;
- кога ќе забележи фугитивна емисија што предизвикала или може да предизвика загадување, освен ако емитираната количина е многу мала да не може да предизвика загадување;
- кога ќе забележи некаква неисправност, дефект или престанок на работата на постројката или техниките, што предизвикало или има потенцијал да предизвика загадување; и
- било какво несакано дејство што предизвикало или има потенцијал да предизвика загадување.

5.2.3 Операторот ќе даде писмено известување што е можно побрзо, за секое од следниве:

- перманентен престанок на работата на било кој дел или на целата инсталација, за која се издава дозволата;

- престанок на работата на некој дел или на целата инсталација за која се издава дозволата, со можност да биде подолго од 1 година; и

- повторно стартување на работата на некој дел или целата инсталација за кој што се издава дозволата, по престанокот по известување според 5.1.3 (б).

5.2.4 Операторот ќе даде писмено известување во рок од 14 дена пред нивното појавување, за следниве работи:

- било каква промена на трговското име на Операторот, регистарско име или адресата на регистрирана канцеларија;

- промена на податоците за холдинг компанијата на операторот (вклучувајќи и податоци за холдинг компанијата кога операторот станува дел од неа);

- за активности кога операторот оди во стечај склучува доброволен договор или е оштетен;

# 6 Емисии

## 6.2 Емисии во воздух

6.2.2 Емисиите во воздух од точката(ите) на емисија наведени во Табела 6.1.1, ќе потекнат само од извор(и) наведен(и) во таа Табела. (Според мапата број)

| Табела 6.1.1 : Емисиони точки во воздухот | | |
|---|---|---|
| **Ознака на точка на емисија/опис** | **Извор** | **Локација на точката на емисија** |
| Дифузна емисија на прашина при работа на постројката | | |
| АА1 | Северно од објектот во близина на главен влез | Бетонска база и сепарација |
| АА2 | Јужно од објектот | Бетонска база и сепарација |
| АА3 | Источно од објектот | Бетонска база и сепарација |
| АА4 | Западно од објектот | Бетонска база и сепарација |

Додадете редови по потреба

6.2.3 Границите на емисиите во воздух за параметарот (рите) и точката(ите) на емисија наведени во Табела 6.1.2 нема да бидат пречекорени во соодветниот временски период.

6.2.4 Временските периоди од 6.1.2 соодветствуваат на оние од прифатената Програма за подобрување во поглавјето 8 од оваа дозвола.

6.2.5 Операторот ќе врши мониторинг на параметрите наведени во табела 6.1.2, на точките на емисија и најмалку на фрекфенции наведени во таа Табела и истите мерења ќе ги достави до Надлежниот орган веднаш по извршеното мерење.

| Табела 6.1.2 : Граници на емисиите во воздухот | | | |
|---|---|---|---|
| **Параметри** | **Ознака на точка на емисија** | | Фреквенција на мониторинг |
| | Мерно место | Гранична вредност | |
| Респирабилна прашина | Катастраски граници на парцела (АА1, АА2, АА3 и АА4) | МДК µg/m3 | Еднаш годишно |
| | | 50 | |

6.2.6 Емисиите од инсталацијата не треба да содржат нападен мирис надвор од границите на инсталацијата.

6.2.7 Емисиите во воздухот, освен пареа и кондензирана водена пареа, не треба да содржат капки од перзистентна магла и перзистентен чад.

6.2.8 Емисиите не треба да содржат видлив чад. Ако, поради причина на одржување, емисиите на чад се предизвикани од повторно стартување од ладно, истото не треба да трае подолго од 20 минути во било кој период од 8 часови и сите практични чекори треба да се преземат да минимизира емисијата.

6.2.9 Мерења на концентрацијата на прашината (суспендирани честички до 10 микрометри) во амбиентниот воздух се врши врз основа на член 10 од Законот за квалитет на амбиентниот воздух (Сл. Весник на РМ бр. 67/04) и член 1,2 и 8 Прилог 1 Поглавје А точка 3 од Уредбата за гранични врености за нивоа и видови на загадувачки супстанции во амбиентниот воздух и прагови на алармирање, рокови за постигнување на гранични вредности, маргини на толеранција за гранични вредности, целни вредности и долгорочни цели (Сл. Весник на РМ бр. 59/00, 12/03).

## КОМЕНТАР НА РЕЗУЛТАТИТЕ ОД МЕРЕЊЕТО

Добиениот резултат е изразен на следниов начин:

Измерена вредност + м.н. < максимално дозволената вредност

Врз основа на измерените вредности, може да се заклучи дека концентрацијата на цврсти честички во воздухот ЦЧ 10 (PM 10) **не ги надминува граничните вредности** пропишани со Уредба за гранични вредности за нивоа и видови на загадувачки супстанции во амбиентниот воздух и прагови на алармирање, рокови за постигнување на граничните вредности, маргини и толеранција за гранична вредност, целни вредности и долгорочни цели (Службен весник на РМ бр. 50/05, Службен весник на РМ бр.4/13,Службен весник на РМ бр. 183/17).

**Емисии во почва**

6.2.10 Нема да има емисии во почвата

6.2.11 Операторот ќе извести Надлежниот орган за секоја непредвидена емисија во почва. Поради тоа што Операторот како суровина во производствениот процес користи природен материјал, нема штетни емисии во почва.

## 6.3 Емисии во вода (различни од емисиите во канализација)

6.3.2 Од инсталацијата за која се издава оваа Дозвола нема да има емисии на отпадна вода од процесот во вода.

## 6.4 Емисии во канализација

6.4.2 Емисиите во канализацијата од точката(ите) наведени во Табела 6.4.1 ќе потекнуваат само од изворот(ите) наведени во таа Табела.

| Табела 6.4.1 : Емисиони точки во канализација | | |
|---|---|---|
| **Ознака на точка на емисија/опис** | **Извор** | **Канализација** |
| Комунални отпадни води | Бетонска база | Градска канализациона мрежа |
| А1 | Мешалка и површинска - Бетонска постројка | Градска канализациона мрежа |

6.4.3 Границите на емисиите за параметарот(ите) и точките на емисија поставени во Табела 6.4.2 нема да бидат пречекорени во соодветен временски период.

6.4.4 Временските периоди од 6.4.2 соодветствуваат со оние од прифатената програма за подобрување на поглавје 8 од оваа дозвола.

6.4.5 на емисиите за параметарот(ите) и точките на емисија поставени во Табела 6.4.2 нема да бидат пречекорени во соодветен временски период.

6.4.6 Временските периоди од 6.4.2 соодветствуваат со оние од прифатената програма за подобрување на поглавје 8 од оваа дозвола.

| **Табела 6.4.2 : Граници на емисија во канализација** | | |
|---|---|---|
| **Параметар** | **Гранична вредност** | **Фреквенција на мониторинг** |
| pH | 6,5-9,5 | Еднаш годишно во максимален обим на работа |
| Сув остаток (на 180 °C) (mg/l) | 500 | |
| Температура °C | 4 | |
| Таложни материи (ml/lh) | 10 | |
| Суспендирани материи (mg/l) | = | |
| Електролитска проводливост (µS/sm) | | |
| ХПК KMnO4 (mg/l) | 250 | |
| Алкалитет (mg/l) CaCO3 | 700 | |

6.4.7 Операторот ќе врши мониторинг на параметрите наведени во Табела 6.3.4 а и 6.3.4 б на точките на емисија и не поретко од наведеното во таа Табела.

6.4.8 Нема да има испуштање на било какви супстанции кои може да предизвикаат штета на канализацијата или да имаат влијание на нејзиното одржување.

| **Табела 6.4.4. а Барање за мониторинг на канализација (се до и вклучувајќи-)** | | |
|---|---|---|
| **Параметар** | **Точка на емисија** | **Точка на емисија** |
| pH | Еднаш годишно | A1 |
| Сув остаток (на 180 °C) (mg/l) | Еднаш годишно | A1 |
| Температура °C | Еднаш годишно | A1 |
| Таложни материи (ml/lh) | Еднаш годишно | A1 |
| Суспендирани материи (mg/l) | Еднаш годишно | A1 |
| Електролитска проводливост (µS/sm) | Еднаш годишно | A1 |
| ХПК KMnO4 (mg/l) | Еднаш годишно | A1 |
| Алкалитет (mg/l) CaCO3 | Еднаш годишно | A1 |

6.4.9 Не смее да има емисии во канализацијата од страна на инсталацијата за која се издава дозволата, на било која супстанција препишана за вода во која нема дадено граници во Табела 6.4.2, освен за концентрации кои не се поголеми од оние кои веќе ги има во водата .

## 6.5 Емисии на топлина

Со оглед на активностите кои што ги врши Инсталацијата, при спроведување на истите не доаѓа до емисии на топлина, дури и кога се јавуваат емисии на топлина истите се незначителни и немаат негативно влијание по животната средина.

## 6.6 Емисии на бучава и вибраци

6.6.1Активностите на локацијата нема да доведат до зголемување на нивоата на бучава, дадени подолу, на местата специфицирани како осетливи на бучава (дадени во Прилог IX од барањето за Дозвола, означени како мерни места од 1-4)

- Дење (Lд) 70 dBA.
- Вечер(Lд) 70 dBA
- Ноќе (Lд) 60 dBA

6.6.2 Операторот е должен да врши мерење на бучавата на секои 12 месеци од добивањето на дозволата. Добиентите резултати е должен да ги доставува до Надлежниот орган. Резултатите треба да бидат мерени од страна на правни лица кои имаат дозвола од Министерството за животна средина и просторно планирање за вршење на таа дејност. Доставениот документ со измерените вредности треба да биде во оригинална форма.

6.6.3 Резултатите од мерењата за бучава треба да соодветсвуваат согласно член 1,2 и 3, како и член 5 за граничните вредности за дополнителни индикатори **LA max** од Правилникот за гранични вредности на нивото на бучава во животната средина (Сл. Весник на РМ бр. 147/08) и согласно Одлуката за утврдување во кои случаи и под кои услови е нарушен мирот на граѓаните од штетна бучава.

6.6.4 Операторот е должен да се придржува на работното време кое е приложено со поднесеното Барање за Б – интегрирана еколошка дозвола и не треба да има никакви активности со кои би се емитирала дополнителна бучава надвор од рамките на предвиденото работно време.

**П Р И Л ОЗИ**

Прилог 1; Локација на мерни места на кои се извршени Мерења на нивото на Бучава во животната средина.

Извршените мерења на 4 мерни места укажуваат дека сите добиени резултати се под максимално дозволените граници.



## КОМЕНТАР НА РЕЗУЛТАТИТЕ ОД МЕРЕЊАТА

Проширената мерна неодреденост изнесува:
U=1,17dB

Добиениот резултат за мерената бучава е изразен на следниов начин: Leq + м.н. < максимално дозволената вредност за бучава.

Врз основа на податоците добиени од извршените мерења на нивото на Бучава од работата на Друштвото, може да се констатира дека во согласност со Правилникот за гранични вредности на нивото на Бучава во животната средина (Сл.Весник бр.147/08, член 3 табела 1 и член 4 табела 1), **нема надминување на граничните вредности на сите мерни места**.

Од резултатите на мерењата на ПМ 10 честички и вкупна прашина, покажа дека врзоснованаподатоцитедобиениодизвршенитемерењананивотонаемисијана загадувачки супстанции во воздухот од работата на Инсталацијата **немаме зголемени концентрации и резултатите се во дозволените граници** според Уредба за граничнивредности за нивоа и видови на загадувачки супстанции воамбиентниот воздух и прагови на алармирање,рокови за постигнување на граничнитевредности, маргини и толеранција загранична вредност, целн вредности и долгорочницели(„СлужбенвесникнаРМ“бр.50/05, „СлужбенвесникнаРМ“бр.4/13,„Службенвесникна РМ“ бр. 183/17.).

## ПРИЛОЗИ – Сертификат за акредитација

EA MLA потписник
*EA MLA Signatory*

ИНСТИТУТ ЗА АКРЕДИТАЦИЈА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
*Institute for Accreditation of the Republic of North Macedonia*

**СЕРТИФИКАТ ЗА АКРЕДИТАЦИЈА**
**Бр. ЛТ 053**
*Accreditation Certificate No. LT 053*

**ЕКО КОНТРОЛ ДООЕЛ Струмица - Подружница ЕКО ЛАБ Прилеп,**
*EKO KONTROL DOOEL Strumica - Branch EKO LAB Prilep.*

е акредитиран од
Институтот за акредитација на Република Северна Македонија

Со овој Сертификат се потврдува дека се исполнети барањата на стандардот:

**МКС EN ISO/IEC 17025:2018**

за дејностите кои се опишани во прилогот на овој Сертификат кој е означен со ист број.

*This above-named entity is accredited by Institute for Accreditation of the Republic of North Macedonia. With this Certificate the fulfillment of the requirements of the standard MKC EN ISO/IEC 17025:2018 is acknowledged for the field of accreditation in its full scope as described in the Annex to this Certificate marked with the same number.*

**Директор**
*Director*
**М-р Слободен Чокревски**
*M.Sc. Sloboden Chokrevski*

Скопје/*Skopje*,
Дата на додела на акредитација/*Date of the initial accreditation*: 09.09.2015
Дата на реиздавање/*Reissuing Date*:
23.08.2023

Важи до/*Valid until*:
08.09.2027

# 7 Пренос до пречистителна станица за отпадни води

7.2.2 Во инсталацијата за која се издава Дозволата нема да има трансфер на отпадната вода во пречистителна станица.

# 8 Програма за подобрување

8.2.2 Операторот ќе ги спроведе договорените мерки наведени во Табела 8.1.1, заклучно со датумот наведен во таа табела и ќе испрати писмено известување до Надлежниот орган за датумот кога било комплетирана секоја мерка, во рок од 14 дена од завршувањето на секоја од тие мерки.

| | | |
|---|---|---|
| **Ознака** | **Мерка** | **Датум на завршување** |
| Активност бр. 1 | Редовно прскање со вода на деловите каде се движат возилата и делови каде се складира најситната фракција на агрегати | Постојано особено во текот на сушните години |
| Активност бр. 2 | Покривање на боксови за најситна фракција | |
| Активност бр. 3 | Техноекономска анализа за можност за повторна употреба на водата од технолошки процес | |
| Активност бр. 4 | Редовно одржување и сервис на возилата и механизацијата | Постојано за време на работа на инсталацијата |
| Активност бр. 5 | Соодветно складирање на отпадни масла и масти | Постојано за време на работа на инсталацијата |
| Активност бр. 6 | Редовно користење на еколошки прифатливи масти и масла | Постојано за време на работа на инсталацијата |
| Активност бр.7 | Селектирање на отпад кој може да се рециклира | Постојано за време на работа на инсталацијата |
| Активност бр. 8 | Континуирана едукација на вработените | Постојано за време на работа на инсталацијата |
| Активност бр. 9 | Обезбедување на соодветни безбедни услови за работа | Постојано за време на работа на инсталацијата |
| Активност бр. 10 | Набавка на соодветна лична заштитна опрема | Постојано за време на работа на инсталацијата |
| Активност бр. 11 | Правилна употреба на личната заштитна опрема | Постојано за време на работа на инсталацијата |
| Активност бр. 12 | Обука за безбедност и здравје при работа | Пред започнување на работниот однос со новиот вработен |

| | | |
|---|---|---|
| Активност бр. 13 | Мерења на ниво на бучава | Еднаш годишно |
| Активност бр. 14 | Мерења на концентрација на цвртса материја PM 10 во воздух | Еднаш годишно |
| Активност бр. 15 | Мерења на квалитетот на отпадни води | Еднаш годишно |

## 9 Договор за промени во пишана форма

9.2.2 Кога својството “или како што е друго договорено написмено” се користи во услов од Дозволата, операторот ќе бара таков договор на следниот начин:

- Операторот ќе и даде на Надлежниот орган писмено известување за деталите на предложената промена, означувајќи го релевантниот(те) дел(ови) од оваа Дозвола: и
- Ваквото известување ќе вклучува проценка на можните влијанија на предложената промена (вклучувајќи создавање отпад) како ризик за животната средина од страна на инсталацијата за која се издава Дозволата.

9.2.3 Секоја промена предложена според условот 9.1.1 и договорена писмено со Надлежниот орган, може да се имплементира само откако операторот му даде на Надлежниот орган претходно писмено известување за датата на имплементација на промената. Почнувајќи од тој датум, операторот ќе ја управува инсталацијата согласно таа промена и за секој релевантен документ што се однесува на тоа, дозволата ќе мора да се дополнува.

Додаток 1

Писмена потврда за условот 5.1.1 (известувања), согласно условот 5.1.2

Овој Додаток ги прикажува информациите што операторот треба да ги достави до Надлежниот орган за да го задоволи условот 5.1.2 од оваа дозвола.

Мерните единици користени во податоците прикажани во делот А и Б треба да бидат соодветни на условите на емисијата. Онаму каде што е можно, да се направи споредба на реалната емисија и дозволените граници на емисија.

Ако некоја информација се смета за деловно доверлива, треба да биде одделена од оние што не се доверливи, поднесена на одделен лист заедно со барање за комерцијална доверливост во согласнот со Законот за животна средина.

Потврдата треба да содржи

***Дел А***

☐ Име на операторот.

☐ Број на дозвола.

☐ Локација на инсталацијата.

☐ Датум на доставување на податоци.

☐ Време, датум и локација на емисијата.

☐ Карактеристики и детали на емитираната(ите) супстанција(и), треба да вклучува :

☐ Најдобра проценка на количината или интензитетот на емисија, и времето кога се случила емисијата.

☐ Медиум на животната средина на кој што се однесува емисијата.

☐ Превземени или планирани мерки за стопирање на емисијата.

***Дел Б***

☐ Други попрецизни податоци за предметот известен во Делот А

☐ Превземени или планирани мерки за спречување за повторно појавување на истиот проблем.

☐ Превземени или планирани мерки за исправување, лимитирање или спречување на загадувањето или штетата на животната средина што може да се случи како резултат на емисијата.

☐ Датуми на сите известувања од Делот А за време на претходните 24 месеци.

☐ Име ☐ Пошта................................

☐ Потпис ☐ Датум

☐ Изјава дека потпишаниот е овластен да потпишува во име на операторот.

Додаток 2

Извештаи за податоците од мониторингот

Параметрите за кои извештаите ќе бидат направени, за оваа Дозвола се наведени во Табелата подолу.

| Табела Д2 - Извештаи за податоци од мониторинг | | | |
|---|---|---|---|
| **Параметар** | **Точка на емисија** | **Период на давање на извештај** | **Почеток на период** |
| Мониторинг на воздух | А1, А2, А3 и А4 | Годишно во сезона со максимален обем на работа | Од добивањето на Б –интегрирана еколошка дозволата |
| Мониторинг на отпадни води | | Годишно во сезона со максимален обем на работа | Од добивањето на Б –интегрирана еколошка дозволата |
| Мониторинг на бучава | А1,А2,А3 и А4 | Годишно во сезона со максимален обем на работа | Од добивањето на Б- интегрирана еколошка дозволата |